

Во рамките на спроведувањето на годишната програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Неготино работници на градежна фирма од Кочани извршија асфалтирање на две исклучително оштетени улици во градот - ,, Киро Крстев ,, и ,, 8-ми Ноември ,, за кои стручните служби оценија дека е потребна итна инервенција. На улицата ,, Киро Крстев ,, се изврши асфалтирање на вкупна површина од 2.600 метри квадратни или на 450 метри должни за што од Буџетот на општината беа издвоени средства во висина од 1.300.000 денари, додека на улицата ,, 8-ми Ноември ,, е асфалтирана вкупна површина од 2.150 метри квадратни или 350 метри должни со цена на чинење од 1 милион денари. Согласно плановите за реализација на програмата за уредување на градежното земјиште за периодот април – јуни оваа година, локалната самоуправа планира асфалтирање и на улиците  4-ти Јули , Даме Груев и дел од улицата Блажо Јанушев.

